**ЗДРУЖЕНИЕ НА ПЕНЗИОНЕРИ БИТОЛА**

# СТАТУТ
# НА ЗДРУЖЕНИЕТО НА ПЕНЗИОНЕРИ БИТОЛА
# ПРЕЧИСТЕН ТЕКСТ

јуни 2024, Битола

Врз основа на член 18 став 1 и 3 од Законот за здруженија и фондации (Службен весник на РМ број 52 /10, 135/11 и 55/16 година) Собранието на Здружението на пензионери Битола на седницата одржана на 04.07.2024 година донесе:

# СТАТУТ
# на Здружението на пензионери Битола

## ОПШТИ ОДРЕДБИ

Чл. 1

Со овај статут се уредуваат начинот, условите и постапката за основање, регистрација и престанок, имотот со кој располага, надзорот, статусните промени и статусот на Здружението.

Чл. 2

Здружението на пензионери Битола (во натамошниот текст ЗП) е здружение на граѓани корисници на пензија од општините Битола, Новаци, Могила, во кое доброволно се зачленуваат старосните, семејните, воените и инвалидски пензионери заради законито и уредно остварување на нивните права од пензиското осигурување.

Во Здружението на пензионери се остваруваат и активности за усогласување на посебните и заедничките интереси од областа на здравствената заштита како и остварување на правата и интересите за задоволување на станбените, културните и другите потреби на членството.

На подрачјето на една општина се организира само едно здружение на корисници на старосна, семејна и инвалидска пензија, кое има најмалку 2 000 (две илјади) членови.

На подрачјето на општина во која не постои здружение, корисниците на пензија превото на пензионерско организирање го остваруваат во здружение кое е територијално најблску.

Чл. 3

Покрај работите од член 2 на овај Статут Здружението на пензионери Битола во интерес на своите членови превзема и остварува работи од хуманитарен карактер и се вклучува во хуманитарни акции според потребата.

Чл. 4

Здружението на пензионери Битола како здружение на граѓани е самостојно во организирањето и остварувањето на своите цели и активности утврдени со Законот за здруженија и фондации, овој статут и други општи акти.

Чл. 5

Здружението е правно лице.

Чл. 6

Здружението има печат и штембил.

Печатот е со тркалезна форма со пречник од 26 мм со текст кој гласи: Здружение на пензионери – Битола.

Штембилот е во форма на правоаголник со големина од 6 X 2.5 см, со ист текст како и печатот, и место за број и дата.

## ИМЕ И СЕДИШТЕ НА ЗДРУЖЕНИЕТО

Чл. 7

Името на Здружението е: Здружение на пензионери – Битола.

Седиштето на Здружението на пензионери Битола е во Битола на ул. Булевар 1-ви мај бр. 268 - Битола.

## ЦЕЛИ И ЗАДАЧИ НА ЗДРУЖЕНИЕТО

Чл. 8

Целите и задачите на Здружението на пензионери се:

1. Превземање на активности за остварување на правата на членовите;
2. Унапредување и јакнење на Здружението на пензионери и развивање на демократски односи;
3. Следење на прописите од областа на пензиското осигурување, здравствената заштита и други прописи;
4. Организирање на културно - забавен живот, одмор, спорт и рекреација, еднодневни екскурзии и градски превоз;
5. Организирање на обезбедување на взаемна помош.
6. Остварува работи од хуманитарен, социјален, организационо - технички и друг карактер;
7. Покренување на прашања и иницијативи во интерес на пензионерите;
8. Соработка со други здруженија на пензионери во РМ;
9. Соработка и воспоставување на односи со здруженијата на пензионери од државата РМ и надвор од неа.
10. Унапредување на стандардот на пензионерите.

## ОРГАНИ НА ЗДРУЖЕНИЕТО

Чл. 9

Органи на Зружението се:

1. Собрание на Здружението.
2. Извршен одбор.
3. Надзорен одбор.

Чл. 10

Собранието е највисок орган на Здружението на пензионери Битола.

Собранието го сочинуваат непосредно избраните претставници од ограноците Здружението на пензионери и тоа: Во ограноците кои бројат до 500 корисници на пензија 1 (еден) претставник, а над 500 корисници на пензија 2 (два) претставници - делегати. Бројот на претставниците на Собранието на Здружението на пензионери се утврдува во зависност од бројот на избрани претставници - делегати, кој може да биде од променлив карактер. Мандатот на претставниците на Собранието на Здружението на пензионери трае 4 години.

Собранието врши верификација на мандатот на претставниците на Собранието на предлог на верификационата комисија на начин и постапка пропишани со предлог деловникот за работа на Собранието.

Чл. 11

Собранието избира: Претседател на Собранието, заменик претседател на Собранието, Извршен одбор од 15 членови, претседател и подпретседател на Извршниот Одбор и Надзорен одбор од 3 членови (Претседател и 2 членови).

Претседателот на Собранието, заменик претседателот на Собранието, прет- седателот и подпретседателот на Извршниот Одбор се избираат од редот на претставниците на Собранието.

Извршниот одбор се избира од редот на претставниците на Собранието и од редот на корисниците на пензија - членови на Здружението на пензионери Битола по предлог на кандидационата комисија, со јавно гласање и со мнозинство на гласови од бројот на присутните претставници.

Надзорниот одбор се избира од членовите на Здружението на ист начин како и горенаведените.

Чл. 12

Собранието на Здружението на пензионери ги врши следните работи:

1. Избира и разрешува претседател на Собранието, заменик претседател на Собранието, претседател на Извршниот Одбор и подпретседател на

Извршниот Одбор.

2. Донесува статут, програма за работа и други потребни акти.
3. Донесува деловник за работа на Собранието.
4. Усвојува годишен извештај и план за работа на Извршниот одбор.
5. Ја усвојува завршната сметка за претходната година и финансискиот план и програма за тековната година на Здружението
6. Одлучува за основање или укинување на ограноци.
7. Одлучува за остварување соработка односно здружување и раздружување со други здруженија и сојузи.
8. Врши прием на нови членови и престанок на членувањето.
9. Избира Извршен и Надзорен одбор и Комисија за статут и правни прашања.
10. Одлучува за престанок на Здружението и за начинот на користење на имотот и средствата по престанокот на Здружението.
11. Донесува одлуки и решенија.
12. Ги определува функциите во Здружението на пензионери за чие вршење следува надоместок.
13. Избира претставници во Сојузот на пензионери во кој членува Здружението.
14. Одлучува за збратимување со други здруженија на пензионери надвор од Републиката.
15. Основа и укинува трговско друштво.
16. Донесува правилник за начинот на доделување на помош и самопомош на членството.
17. Решава по приговори против решенија донесени од Извршниот одбор и од претседателот на Извршниот одбор.
18. Врши и други работи во согласност со Законот за Здруженија,статутот и други акти на Здружението на пензионери.

Чл. 13

Собранието работи на седници. Седница на Здружението свикува претседателот на Собранието или заменик претседателот на Собранието. Седница на Собранието се свикува,по предлог на Извршниот одборт или по барање на 1/3 од вкупниот број на претставници на Собранието.

Вонредна седница на собранието може да се одржи по писмено барање од една третина од членовите на здружението.

Ако претседателот на Собранието во рок од 14 дена од денот на дадениот предлог не свика седница, седницата ја свикува Извршниот одбор или иницијаторите.

Чл. 14

Со изборната седница на Здружението раководи претседателот на Собранието или заменик претседателот на Собранието, и исклучително најстариот претставник на Собранието до изборот на работно претседателство.

Собранието можи да работи ако на него присуствуваат најмалку 2/3 од вкупниот број на претставници на Собранието. Доколку бројот на претставниците падни на помалку од 2/3 седницата се прекинува и презакажува.

Во рок од 8 дена се закажува нова седница на која полноважно може да се одлучува со просто мнозинство (50% плус еден претставник, т.е. еден повеќе од половината претставници).

На Собранието се одлучува со јавно гласање. Секој член на Собранието има право на глас.

Одлуките се донесуваат со мнозинство гласови на присутните претставници.

Статутот на Здружението на пензионери и одлуката за престанок на Здружението на пензионери се донесуваат со 2/3 мнозинство на гласови од вкупниот број на претставници на Собранието.

Чл. 15

Поканата за седница на Собранието со материјалите кои се предмет на расправа се доставуваат најдоцна 8 дена пред одржувањето на седницата, лично, по пошта или по електронски пат.

Чл. 16

Изборите за претставници на Собранието и одбори на ограноците ги распишува Претседателот на Собранието 60 дена пред истекот на мандатот.

За изборната седница на Собранието се донесува посебен предлог деловник за работа. Со неа раководи претседателот, заменик претседателот или најстариот претставник до избор на работно претседателство од редот на претставниците на Собранието.

Чл. 17

Претставниците на Собранието ги имаат следните права и обврски:

- да учествуваат во работата на Собранието и да заземаат ставови по прашањата за кои се одлучува;
- да ги застапуваат ставовите,предлозите и мислењата на огранокот од кој се избрани и да ги запознаваат со работата на Собранието и неговите органи;
- да избираат и да бидат избрани во органите и телата на Собранието;

- да покренуваат иницијатива за разрешување прашања од интерес за Здружението,да поставуваат прашања и учествуваат во донесувањето на одлуки, препораки, решенија, заклучоци од интерес на Здружението.

Чл. 18

Избраниот претставник на Собранието се стекнува со права и должности со денот на верификација на мандатот.

Чл. 19

На претставникот на Собранието му престанува мандатот пред истекот на рокот за кој е избран и тоа:

- Со смрт
- Со оставка
- Со иселување во друго здружение
- Ако не се придржува на одредбите на Статутот, и другите акти што ги донесува Собранието
- И по барање на огранокот во кој е избран

Одлука за престанок на мандатот на претставникот донесува Собранието.

Со одлуката од предходниот став, се запознава огранокот, во кој бил избран и потоа се распишуваат дополнителни избори, за избор на нов претставник од огранокот.

## ИЗВРШЕН ОДБОР

Чл. 20

Собранието избира Извршен одбор од составот на членовите на Собранието, и од редот на корисниците на пензија - членови на Здружението на пензионери Битола.

Бројот на членови кои не се избрани претставници во Собранието,а се членови на Здружението на пензионери Битола може да изнесува најмногу 1/5 од вкупниот број на членови во Извршниот одбор.

Бројот на членовите на Извршниот одбор на Здружението се утврдува на 15 (петнаесет).

Чл. 21

Претседателот и подпретседателот на Извршниот Одбор ги избира Собранието од редот на претставниците на Собранието.

Надлежностите секретар на Извршниот Одбор ќе ги извршува лицето вработено во Здружението на Пензионери на работно место: секретар.

Чл. 22

Во случај на отсутност или спреченост на претседателот на Извршниот одбор, претседателот лично ќе го овласти подпретседателот кој ќе го заменува и ќе ги има правата и обврските содржани во овластувањето дадено од претседателот на Извршниот одбор.

Чл. 23

Извршниот одбор за својата работа одговара пред Собранието, за што најмалку еднаш годишно му поднесува извештај за својата работа.

Чл. 24

Членовите на Извршниот одбор имаат еднакви права и одговорности и се рамноправни во одлучувањето.

Чл. 25

Извршниот одбор на Здружението се грижи за извршување на програмата и другите акти на Собранието за што се поднесува извештај.

Чл. 26

Извршниот одбор работи на седници.

Седниците на Извршниот одбор се одржуваат по потреба.

Седниците на Извршниот одбор ги свикува и со нив раководи претседателот на Извршниот одбор.

Извршниот одбор може да работи и полноважно да одлучува,ако на седницата присуствуваат најмалку мнозинство од вкупниот број на членови на Извршниот одбор,а одлуките полноважно се донесуваат ако за нив гласале повеќе од половина од присутните членови.

За седниците на Извршниот одбор се води записник кој се усвојува на наредната седница на Извршниот одбор.

Извршниот одбор на седница за избор на носители на функција може полноважно да одлучува, ако на седницата присуствуваат најмалку 2/3 од членовите на Извршниот одбор.

Записникот го води како постојан записничар секретарот на Здружението на пензионери Битола.

Записникот го потпишуваат записничарот и претседателот на Извршниот одбор.

Во работата на седницата на Извршниот одбор може да бидат поканети,да учествуваат претседателите на ограноците, претседателот на Собрание, претседателот на Надзорниот одбор и други.

Чл. 27

Извршниот одбор на Здружението ги врши следните работи:

1. Ги подготвува седниците на Собранието;
2. Го утврдува нацртот на Статутот на Здружението и другите акти што треба да ги донесе Собранието;
3. Ги спроведува одлуките, заклучоците и ставовите донесени од Собранието;
4. Управува со имотот и средствата на Здружението;
5. Одлучува за користење на средствата на Здружението според намените утврдени со финенсовиот план на приходи и расходи на Здружението за тековната година;
6. Донесува деловник за својата работа;
7. Утврдува предлог – годишна пресметка на приходи и расходи на Здружението и предлог – финансов план на приходи и расходи за тековната година и ги поднесува на Собранието на усвојување;
8. Утврдува предлог Деловник за работа на Собранието;
9. Разгледува предлог одлука за висината на членарината;
10. Основа комисии и го утврдува нивниот делокруг;
11. Констатира прием на нови членови,како и престанок на членувањето;
12. Донесува одлуки, решенија, заклучоци, правилници и други акти и дава иницијатива за одредени прашања;
13. Основа стручна служба за остварување на целите и задачите на Здружението;
14. Ја определува висината на надоместокот на лицата избрани по функција за извршување на работите во Здружението;
15. Поднесува извештај за својата работа најмалку еднаш годишно;
16. Решава по барања, приговори, жалби и поплаки поднесени од членови на здружението и дава одговор на поставените прашања;
17. Одлучува за соработка со други здруженија на пензионери од Републиката;
18. Ги следи прописите од пензиското осигурување и здравствената заштита, по кои дава предлози, мислења и иницијативи;
19. Предлага доделување на дипломи, благодарници и друго;
20. Врши информирање на членството и пошироко за работата на Здружението и Извршниот одбор;

21. Врши и други работи, предвидени со закон и овој Статут.

Чл. 28

Претседателот на Извршниот одбор, кој воедно е и претседател на Здружението на пензионери Битола ги има следните права, должности и одговорности:

1. Ги свикува седниците на Извршниот одбор, дневниот ред и раководи со нив;
2. Го претставува и застапува Здружението во правниот промет и спрема трети лица;
3. Ги извршува одлуките, решенијата, заклучоците и ставовите на Извршниот одбор;
4. Води грижа за рационално користење на имотот и средствата на Здружението и за инвестиционо и тековно одржување на објектот врз основа на годишна програма;
5. Склучува договори во име на Здружението;
6. Се грижи за остварување на планираните пригоди и за реализација на финансовиот план на приходи и расходи за тековната година;
7. Врши и други работи предвидени со овај статут и деловник за работа на Извршниот одбор;

Чл. 28а

Мандатот на претседателот на Извршниот одбор на ЗП Битола трае 4 (четири) години, со можност да може да биде биран повеќе пати.

Чл. 29

Секретарот на Извршниот одбор покрај работите предвидени во правилникот за систематизација на работните места на работниците на Здружението на пензионери Битола ги врши и следните работи:

1. Секретарот на Извршниот одбор извршува задачи поврзани со реализацијата на програмските задачи од Извршниот одбор;
2. Ги средува и ажурира списоците на членството по месните заедници;
3. Врши и други работи по овластување на претседателот на Извршниот одбор;

## НАДЗОРЕН ОДБОР

Чл. 30

Надзорниот одбор ја следи примената на статутот и програмата, се грижи за работењето и имотот на организацијата,располагање со средствата и приходите на Здружението.

Надзорниот одбор го сочинуваат претседател и 2 членови кои од редовите на членството ги избира Собранието со мандат од 4 години.

Надзорниот одбор за извршениот надзор за утврдените состојби го известува Извршниот одбор и поднесува писмен извештај на Собранието.

Членовите на Надзорниот одбор непречено можат да вршат увид на работата на органите и телата на Здружението, и доколку дојдат до заклучок за неправилност во примената на статутот или во финансиското работење можат да побараат отстранување на утврдените неправилности за што го известуваат Извршниот одбор.

Чл. 31

За извршување и пратење на одредена проблематика од делокругот на својата работа, Извршниот одбор формира комисии за:

- Комисија за систем и стандард – снабдување на корисниците на пензија со огревно дрво, месо, сирење и други прехрамбени артикли по поволни цени и на рати.
- Комисија за станбени прашања – разгледува молби за доделување на гарсоњери со кои располага Здружението, на корисници на пензија со нерешено станбено прашање.
- Комисија за одмор и рекреација – разгледува молби за користење на бањско лекување и одмор во пензионерските одморалишта.
- Комисија за културно забавен живот – организира регионални одишни средби, приредби.
- Комисија за спорт и спортски активности.
- Комисија за здравствена заштита.
- Комисија за доделување помош на членови на Здружението и хуманитарни акции.
- Комисија за соработка со други здруженија од РМ и надвор од земјата.
- Комисија за дополнително образование во рамките на т. н. Универзитет ТРЕТО ДОБА
- Секција на жени – поднесува годишен извештај и програма за своите активности и хуманитарни акции.

- Извршниот одбор по потреба формира и други комисии и тела.
- Комисијата на првата седница избира претседател и истиот раководи со седницата.
- Комисијата за својата работа одговара пред Извршниот одбор и му поднесува извештај за својата работа.
- Комисијата подготвува план за својата работа.
- Мандатот на комисиите трае 4 години.

Бројот на членовите на комисиите и телата се утврдува на 3 (три).

Чл. 32

Комисијата за статут и правни прашања се состои од 3 членови кои ги избира Собранието од редот на членовите на Здружението со мандат од 4 години.

Комисијата за статут и правни прашања:

- изготвува нацрт на Статут на Здружението и други акти на Собранието;
- ги следи прописите од областа на пензиското и здравствено осигурување, и други прописи од кои произлегуваат правата и обврските на Здружението;
- ја следи примената на статутот и другите програмски активности.

## СТЕКНУВАЊЕ И РАСПОЛАГАЊЕ СО ИМОТОТ

Чл. 33

За извршување на целите и задачите, Здужението стекнува средства од:

- чланарина;
- од камати;
- од донации;
- од закупнини и други приходи;

Чл. 34

Распределбата на средствата што се стекнуваат – остваруваат според член 33 од овој статут, се врши со финансискиот план на приходи и расходи на Здружението за тековната година и се користат за остварување на целите и задачите на Здружението и за учество во финансирањето на дејноста на Сојузот на пензионерите на Македонија.

## ОСТВАРУВАЊЕ НА ЈАВНОСТА ВО РАБОТАТА

Чл. 35

Работата на Здружението е јавна, седниците на Собранието и Извршниот одбор се отворени, со што се создаваат услови за навремено и точно информирање на членовите и пошироката јавност.

Собранието и Извршниот одбор можат да работат на затворени седници во зависност од матерјалите кои се разгледуваат на дневниот ред.

Одлука за затворена седница донесува претседателот на Собранието или Извршниот одбор.

Покрај тоа јавноста се остварува и со давање соопштенија преку дневниот печат и други медиуми, како и преку огласната табла на Здружението и одржување на прес – конференции на Сојузот на пензионерите на Македонија.

## ОПРЕДЕЛУВАЊЕ УСЛОВИ ЗА ОСНОВАЊЕ НА ОГРАНОЦИ

Чл. 36

Здружението се организира на територијален принцип и во својот состав има ограноци, преку кои го спроведува своето дејствување.

Одлука за основање и укинување на ограноците донесува Собранието на Здружението по предлог на Извршниот одбор на Здружението.

Иницијатива за основање на огранок може да поднесат ограноците ако за тоа се произнесе, најмалку 1/3 од членовите на огранокот или Извршниот одбор на Здружението.

Чл. 37

Ограноците на пензионери на Здружението се организираат за подрачјето на една урбана заедница или повеќе урбани аедници или населени места во зависност од бројот на членовите - пензионери кои живеат на тоа подрачје.

Чл. 38

Огранокот на Здружението има собир на членови на огранокот, и одбор на огранокот, или претседател и секретар во помали ограноци.

Собирот на членови на огранокот го сочинуваат сите членови на огранокот, кои живеат на тоа подрачје.

Чл. 39

Собирот на членови на огранокот избира:

- претставници на Собранието на Здружението; и
- одбор на огранокот;

Бројот на членови на одборот на огранокот,го определува Собирот со мандат од 4 години.

Одборот на огранокот од својот состав избира претседател и секретар.

Чл. 40

Собирот на членови на огранокот го свикува претседателот на одборот на огранокот и раководи со него до избор на работно претседателство.

Собирот може да се свика за прашања предвидени со статутот, како цели и задачи на Здружението.

Доколку претседателот на одборот на огранокот не свика собор, собир може да свикаат и 3 (три) од членовите на одборот или собир може да свика и Извршниот одбор на Здружението.

Собирот на огранокот на Здружението може да работи и полноважно одлучува,ако на него присуствуваат најмалку 10 % членови, доколку по истекот на половина час од закажаниот термин, нема присуство на најмалку 10% членови, како што е предвидено во став 4 на овој член,собирот ќе продолжи со работа и полноважно ќе одлучува со јавно гласање и мнозинство на гласови од присутните на собирот.

Чл. 41

Одборот на огранокот врши:

1. дава мислења и предлози по материјалите кои ги разгледуваат Собранието и Извршниот одбор;
2. покренува иницијативи и предлози за разрешување на одредени прашања од интерес на членовите на Здружението;
3. учествува во организирањето и спроведувањето на културно забавниот живот, одморот, рекреацијата и организирање на спортски игри;
4. посета на болни пензионери, евидентирање на изнемоштени пензионери – членови, спроведување одредени хуманитарни активности што ги презема Здружението;
5. дава мислење за станбена положба по барање на член за сместување во пензионерските домови;
6. информирање на членството за сите активности преземени од Здружението и другите форми на здружување; и
7. по потреба за одредени прашања од делокругот на огранокот може да формира комисии.

## ЧЛЕНУВАЊЕ ВО ЗДРУЖЕНИЕТО

Чл. 42

Членувањето во Здружението е доброволно.

Член на Здружението може да биде граѓанин – корисник на пензија, државјанин на РМ.

Член може да биде и граѓанин – корисник на пензија од странска држава, државјанин на РМ, ако пристапи кон Здружението, потпише пристапница и ако ги прифати обврските од овој статут и други акти на Здружението.

Здружението за своите членови води регистар, кој се ажурира еднаш годишно.

Секој член на Здружението може доброволно да иступи од Здружението.

Чл. 43

Членовите на Здружението плаќаат чланарина.

Висината на чланарината ја утврдува Одборот за солидарен фонд (средства) составен од претставници на Сојузите, а ја потврдува Собранието на Сојузот во кој членува Здружението на пензионери Битола.

Чл. 44

Членовите на Здружението имаат еднакви права и задолженија.

Права и должности на членот се:

1. да избира и да биде избран во органите и телата на Здружението, независно од својата, национална, верска или било каква припадност;
2. редовно да ја плаќа чланарината;
3. да учествува во работата на Здружението според своите можности; да дава предлози и покренува иницијатива по одделни прашања и да учествува во одлучувањето по истите;
4. да дава предлози и покренува иницијатива по одделни прашања и да учествува во одлучувањето по истите;
5. да се залага за остварување на задачите и целите на Здружението;
6. да биде член на Солидарниот фонд за осигурување на живот на корисниците на пензија и да ги користи сите права од него, според актите за неговото работење; и
7. да бара совет и правна помош по прашања од пензиското осигурување и здравствената заштита.

Чл. 45

Членството во Здружението престанува:

- со губење право на пензија – смрт;
- по сопствена желба;
- со иселување од подрачјето на Здружението и
- ако уредно не ја плаќа членарината – исклучување.

Под неуредно плаќање на членарина во смисла на алинеа 4, се подразбира ако од неоправдани причини членарината не ја плаќа подолго од 6 месеци.

## СОРАБОТКА И ЗДРУЖУВАЊЕ НА ЗДРУЖЕНИЕТО

Чл. 46

Здружението остварува соработка со други здруженија во Републиката и надвор од неа, како и со хуманитарни и неполитички организации.

Здружението се здружува во Сојуз на пензионери на РМ и учествува во финансирање на истиот и делегира свои претставници во Сојузот.

Здружението може да се раздружи од Сојуз во кој членува и да пристапи кон друг Сојуз.

Одлука за раздружување и здружување донесува Собранието на Здружението на пензионери во присуство на 2/3 од членовите и мнозинството на гласови на присутните.

## ПРЕТСТАВУВАЊЕ И ЗАСТАПУВАЊЕ НА ЗДРУЖЕНИЕТО

Чл. 47

Здружението го претставува и застапува во јавниот промет и спрема трети лица претседателот на Извршниот одбор.

Во случај на отсуство или спреченост на претседателот на Извршниот одбор, Здружението ќе го застапува лице што тој ќе го определи.

## МАТЕРИЈАЛНО - ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ

Чл. 48

Материјално – финансиското работење на Здружението се води и остварува според важечките прописи за финансиско работење.

Наредбодавател за извршување на финансискиот план на приходи и расходи на Здружението, е претседателот на Извршниот одбор на Здружението, а во случај на негова отсутност потпретседателот по овластување на претседателот.

Чл. 49

За спроведување одделни активности во Ограноците, Извршниот одбор врз основа на програма може да одобри средства во зависност од активноста утврдена со програмата.

## СТРУЧНА СЛУЖБА

Чл. 50

За извршување на работите предвидени како цели и задачи на Здружението се основа стручна служба.

Делокругот на работите на стручната служба опфаќа:

1. извршување на правни и административно - технички работи;
2. водење на книговодство според прописите;
3. вршење на благајнички работи;
4. евиденција на средствата и имотот; и
5. одржување на објектот со кој управува Здружението.

Чл. 51

За извршување на работите од делокругот на стручната служба, односно целите и задачите на Здружението се вработуваат стручни лица.

Чл. 52

Вработените лица за извршување на работите од делокругот на стручната служба добиваат плата, која со акт ја утврдува Извршниот одбор на Здружението.

Описот на работите и работните задачи на вработените во стручната служба на Здружението е регулиран со Правилникот за систематизација на работните места и важечките законски прописи.

## ПРЕСТАНОК НА ЗДРУЖЕНИЕТО

Чл. 53

Здружението престанува со работа ако:

- одлучи Собранието на Здружението со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број членови и со предходна согласност на 2/3 од вкупниот број ограноци и колективни членови;
- се намали бројот на членовите под бројот определен со Законот за основање на Здружението и
- поради други причини пропишани со член 52 од Законот за здруженија на граѓаните и фондациите (Сл.Весник бр.52 од 16.04.2010 година).

Чл. 54

Во случај на престанок со работа на Здружението, за имотот и средствата и за начинот на располагање со нив одлучува Собранието на Здружението со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број членови.

Средствата и имотот што остануваат по намирување на обврските по престанокот на Здружението, се предаваат на чување и користење на Општината.

## ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ И ИЗМЕНА НА СТАТУТОТ

Чл. 55

Статутот на Здружението се донесува по постапка пропишана со овој статут.

Комисијата за статут и правни прашања изготвува нацрт на статутот на Здружението.

Извршниот одбор на Здружението го разгледува нацртот на Статутот на Здружението и го дава на јавна расправа во ограноците на Здружението, која трае 15 дена.

По истекот на рокот за јавна расправа Комисијата за статут и правни прашања ги разгледува пристигнатите предлози, мислења и сугестии и изготвува предлог на статут со извештај за резултатите од јавната расправа.

Врз основа на извештајот на Комисијата за статут и правни прашања по спроведената јавна расправа, Извршниот одбор го разгледува текстот на статутот и го утврдува како предлог статут на Здружението.

Утврдениот предлог статут со извештајот од јавната расправа Извршниот одбор го поднесува на Собранието на Здружението на пензионери за донесување.

Чл. 56

Измена и дополнување на Статутот на Здружението се врши по иста постапка како и за негово донесување, а иницијатива може да покрене ИО, Собранието на Здружението и ограноците.

Чл. 57

Автентично толкување на одредбите од овој статут дава Собранието на Здружението.

Чл. 58

Овој статут влегува во сила со денот на усвојувањето на седница на Собранието на Здружението на пензионери Битола.

Заменик претседател на Собрание
на ЗП Битола

______________________________

Вера Ѓоршевска

# СОДРЖИНА


*ЗДРУЖЕНИЕ НА ПЕНЗИОНЕРИ БИТОЛА ........................................................ 1*
*СТАТУТ ........................................................................................................ 1*
*НА ЗДРУЖЕНИЕТО НА ПЕНЗИОНЕРИ БИТОЛА ............................................ 1*
*ПРЕЧИСТЕН ТЕКСТ ........................................................................................ 1*
*СТАТУТ ........................................................................................................ 2*
*на Здружението на пензионери Битола ......................................................... 2*
ОПШТИ ОДРЕДБИ ........................................................................................ 2
ИМЕ И СЕДИШТЕ НА ЗДРУЖЕНИЕТО ............................................................ 3
ЦЕЛИ И ЗАДАЧИ НА ЗДРУЖЕНИЕТО ............................................................ 3
ОРГАНИ НА ЗДРУЖЕНИЕТО ........................................................................ 4
ИЗВРШЕН ОДБОР ......................................................................................... 7
НАДЗОРЕН ОДБОР ...................................................................................... 11
СТЕКНУВАЊЕ И РАСПОЛАГАЊЕ СО ИМОТОТ ............................................ 12
ОСТВАРУВАЊЕ НА ЈАВНОСТА ВО РАБОТАТА ........................................... 13
ОПРЕДЕЛУВАЊЕ УСЛОВИ ЗА ОСНОВАЊЕ НА ОГРАНОЦИ ........................ 13
ЧЛЕНУВАЊЕ ВО ЗДРУЖЕНИЕТО ................................................................ 15
СОРАБОТКА И ЗДРУЖУВАЊЕ НА ЗДРУЖЕНИЕТО ...................................... 16
ПРЕТСТАВУВАЊЕ И ЗАСТАПУВАЊЕ НА ЗДРУЖЕНИЕТО ........................... 16
МАТЕРИЈАЛНО - ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ ............................................. 17
СТРУЧНА СЛУЖБА ...................................................................................... 17
ПРЕСТАНОК НА ЗДРУЖЕНИЕТО ................................................................. 18
ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ И ИЗМЕНА НА СТАТУТОТ ........................... 18